# Исплатени тројца корисници на средства од ИПАРД Програмата по осмиот Јавен повик (01/2013)

По успешната реализација на одобрените инвестиции, тројца корисници кои потпишаа Договор со Агенцијата за користење на средства од ИПАРД Програмата по осмиот Јавен повик (01/2013), добија средства од ЕУ фондовите за рурален развој.



Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој исплати 404.764 денари на корисникот Владислав Попов од Скопскиот плански регион, за обновување на постоечки лозови насади. Од вкупно исплатените средства  303.573 денари се средства од буџетот на ЕУ и 101.191 денари се национален дел.

На корисникот Винарија Попов ДООЕЛ, ул.Сопот, Сопот, Кавадарци исплатени се средства во износ од 1.604.162 денари од кои 1.203.121 денари се средства од буџетот на ЕУ и 401.041 денари се средства од буџетот на РМ и истите се наменети за обновување на постоечки лозови насади.

На корисникот Венец АД од с.Долни Дисан, Неготино исплатени се средства во износ од 2.371.618 денари од кои 1.778.713 денари се средства од буџетот на ЕУ и 592.905 денари се средства од буџетот на РМ и истите се наменети за обновување на постоечки лозови насади.